ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08 - 6126/3
18. 05. 2026 20
СКОПЈЕ - SHKUP

ГРАД СКОПЈЕ
СЕКТОР ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ
СКОПЈЕ

# ПРИЛОГ КОН ПРИЈАВАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ: "Организирање на туристички разглед на Скопје"

## СОДРЖИНИ, УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ШТО ТРЕБА ДА БИДАТ ИСПОЛНЕТИ ОД СТРАНА НА РЕАЛИЗАТОРОТ НА ПРОЕКТОТ "Организирање на туристички разглед на Скопје"

### 1. СОДРЖИНИ НА ПРОЕКТОТ

- Проектот се очекува да обезбеди организација на бесплатен туристички разглед на градот Скопје за сите заинтересирани, во соработка со Асоцијации и/или Здруженија на туристички водичи и придружници со седиште во Скопје, со цел развој на туризмот и создавање подобра туристичка понуда во градот;
- Да понуди листа на лиценцирани туристички водичи -учесниците во проектот;
- Да има учество на лиценцирани туристички водичи од Град Скопје кои ќе вршат надзор над организирањето на туристичките тури;
- Со овој проект се очекува реализаторот да организира од 25-30 бесплатни тури за корисниците со претходно предложена агенда за термини за време на работната недела и викенд од 01.06 – 31.12.2026 година;
- Да понуди агенда за организирана тура во времетраење од 2-3 часа дневно за различни културно- историски локалитети, објекти и атракции од културното наследство во централноти подрачје на Скопје но и да вклучи денови во месецот каде ќе се понуди автобуски разглед на Кањонот Матка, со временски интервал од 2 до 3 часа .

### 2. УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТА

- Пет годишно искуство во организирање на туристички тури;
- Видливост на апликантот и професионална веб-страницата на апликантот;
- Време на одржување од 01.06. – 31.12.2026 година за време на работната недела и денови од викенд (во консултација со Град Скопје);
- Определување на локациии за реализирање на разглед на Скопје: Во консултација со Град Скопје;
- Обезбедување на краток нацрт на проект со идеи;
- Изработка на репрезентативен и промотивен материјал во кој ќе биде вклучена агендата за месеците на разглед со стартна позиција, временски интервал и крајна позиција, време на почеток на турата и денови;

- Медиумска покриеност на проектот, како од електронските, така и од пишаните медиуми (една недела пред настанот, информацијата за започнување на проектот да се објави во неколку ТВ куќи и радио- станици, како и информации во дневните весници) .
- Да имаат важечки лиценци за туристички водичи за град Скопје издадени од соодветна установа.
- Водење на посебна евиденција на документи на приходите и трошоците околу организацијата на манифестацијата која по завршувањето на манифестацијата ќе биде предадена на градот.

## 3. КРИТЕРИУМИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ПО ЈАВЕН ПОВИК

За носител на Договорот по Јавен повик ќе биде избрана онаа пријава која што ќе биде оценета како најповолна од збирот на бодовите за секој елемент посебно.

| Критериуми | Максимум бодови |
|---|---|
| **1. Организациска структура и ресурси** | **30** |
| 1.1 Апликантот има потребна организациска структура и човечки ресурси за реализација на активноста – лиценцирани туристички водичи (вработени, активни волонтери, хонорарно ангажирани лица, итн) | 10 |
| 1.2 Апликантот располага со логистика (канцелариски простор и техничка опрема за реализација на активноста) | 10 |
| 1.3 Видливост на апликантот online | 10 |
| **2. Финансирање на предлог проектот за реализација на активноста** | **30** |
| 2.1 Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на активноста | 10 |
| 2.2 Апликантот обезбедува процент на сопствено учество во остварување на проектот | 10 |
| 2.3 Реален финансиски план (описот на трошоци по категории позиции соодветствува со пазарните цени) | 10 |
| **3. Квалитет на предлог проектот за реализација на активноста** | **40** |
| 3.1 Јасна и соодветно определена општа цел на предлог проектот која ќе придонесе кон реализација на дадените приоритети од Програмата за активности од областа на локалниот економски развој на Град Скопје | 10 |
| 3.2 Понудени квалитетни и иновативни решенија во предлог проектот при туристилкиот разглед | 10 |
| 3.3 Обезбедена вклученост на други институции и организации | 10 |
| 3.4 Предлог проектот за спроведување на активноста е јасен и остварлив | 10 |

Секоја област од посебните критериуми ќе се вреднува со 1 бод, 5 бода или 10 бодови, со следното значење: 1-не, 5-делумно и 10-да.

*Напомена:
-Да се доставаат биографии на организаторите на активноста;
-Да се достави потпишана согласност за пријава на интерес за учество на настанот, за секој учесник во активноста посебно;
-Да се наведе искуството на апликантот за организирање на активноста (при оценување во предвид ќе се земе организација на активности од сличен тип, времетраење и професионалност сл.);
-Во доставениот предлог проект да се достави програма за посета на туристички локалитети, објекти, настани;
-Во поднесениот предлог проект да се достави список на учесници кои ќе учествуваат во активноста.

Градоначалник на Град Скопје
Орце Ѓорѓиевски